Јавно претпријатие за државни патишта

# АВТОПАТОТ А2: БУКОЈЧАНИ - КИЧЕВО ДЕЛНИЦА

## Акциски план за животна и социјална средина (АПЖСС)

НОЕМВРИ 2021

PUBLIC

Јавно Претпријатие за државни патишта

# АВТОПАТОТ А2: БУКОЈЧАНИ - КИЧЕВО ДЕЛНИЦА

## Акциски план за животна и социјална средина (АПЖСС)

**ВИД НА ДОКУМЕНТ (ВЕРЗИЈА): ЈАВЕН**

**ПРОЕКТ БР.. 70061173**

**ДАТУМ: НОЕМВРИ 2021**

Јоже Јовановски

менаџер за заштита на животната и социјалната средина, Единица за спроведување проекти, ЈПДП
телефон: +38923118044 локал 305
адреса: Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Email: j.jovanovski@roads.org.mk
Website: www.roads.org.mk

# КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

| Издание/ревизија | Прво издание | Ревизија 1 | Ревизија 2 | Ревизија 3 |
|---|---|---|---|---|
| Забелешки | Disclosure | Disclosure (realignment) | Final | |
| Датум | ноември 2020 | јули 2021 | ноември 2021 | |
| Подготвил(а) | Matthew Shepherd | Jenny Warhurst | Nick Archibald | |
| Потпис | | | | |
| Проверил(а) | Tatyana McNaughton | Rachael Bailey | Jenny Warhurst | |
| Потпис | | | | |
| Одобрил(а) | Rachael Bailey | Rachael Bailey | Rachael Bailey | |
| Потпис | | | | |
| Проект бр. | 70061173 | 70061173 | 70061173 | |
| Извештај бр. | Disclosure | Disclosure | Disclosure | |
| Упатување на датотека | ноември 2020 | јули 2021 | август 2021 | |

| Бр. | Акција | Еколошки и социјални ризици (одговорност / придобивки) | Барање (Закони, БУ на ЕБОР, најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиција, надлежност | Распоред | Цели и критериуми за оцена на успешното спроведување | Статус / коментари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БУ1** | **Оценување и управување на еколошките и социјалните влијанија и прашања** | | | | | | |
| 1.1 | Изработка и доставување на извештаи до Банката за статусот на овој Акциски план за животната средина и социјалните аспекти (АПЖСС) и за еколошката и социјалната успешност на Проектот (ЖСС – социјалните аспекти вклучуваат здравствени, безбедносни и трудови аспекти), вклучувајќи го и управувањето со поплаките доставени во врска со Проектот.<br>Технички советник на заемодавачите да ги провери информациите од извештајот, како и поправните мерки договорени со: единицата за спроведување на проектот (ЕСП), Надзорниот инженер; и Изведувачот, за да се разрешат сите неусогласености со барањата за усогласеност (БУ) на ЕБОР. | Напредок во спроведувањето на АПЖСС и оцена на ЕиС успешност.<br>Сообразност со БУ на ЕБОР. | • БУ1 и БУ10 на ЕБОР (без БУ7 и БУ9). | ЕСП<br>Изведувачите<br>• Надзорниот инженер | Квартално известување преку Квартален извештај за животната средина и социјалните аспекти (КИЖСС) за време на изработка на проектот и во неговата градежна фаза<br>Годишен извештај за животната средина и социјалните аспекти (ГИЖСС) во оперативната фаза (или согласно поединечните планови за управување/набљудување). | • Квартално и годишно доставување на извештаите за напредокот во спроведување на АПЖСС и ЕиС успешност (КИЖСС и ГИЖСС). | |
| 1.2 | Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) ќе се погрижи во секое време да обезбеди соодветни ресурси и капацитети со цел да се осигура управувањето со еколошките, здравствените, безбедносните и социјалните (ЕЗБС) ризици на Проектот. Вишото раководство на ЈПДП ќе назначи ЕСП и специјалисти за ЕЗБС кои ги познаваат БУ на ЕБОР во однос на:<br>• Управување со животната средина<br>• Управување со здравјето и безбедноста<br>• Социјални аспекти (вклучувајќи го и управувањето со преселувањето и работната сила)<br>• Родови прашања<br>• Поврзување со заедницата и вклучување на чинителите<br>Надлежниот персонал ќе комуникација со ЈПДП (и ЕБОР преку доставув.ањето извештаи) и ќе го набљудува спроведувањето на овие барања од АПЖСС ширум Проектот. | Да се минимизира ЕИС влијанието на Проектот.<br>Да се води сметка барањата од Политиката за ЕИС на ЕБОР ефикасно да се спроведат во Проектот.<br>Напредок во спроведувањето на АПЖСС и оцена на ЕиС успешност.<br>Сообразност со БУ на ЕБОР. | • БУ1, БУ2, БУ4 и БУ10 на ЕБОР. | • ЈПДП/ЕСП (со клучна улога за лицето(ата) за односи со заедниците (ЛОЗ) | Пред назначување на Изведувачот(ите). | • ЕСП и специјалистите за ЕЗБС се назначуваат си јасни улоги и задолженија, наведени во опис на нивните работни места.<br>• Доставувањето на ГИЖСС и КИЖСС од страна на ЕСП за напредокот во спроведувањето на АПЖСС.<br>• КПУ во КИЖСС да се усогласат со барањата од плановите за управување и барањата за набљудување од ПУЖСС. | |
| 1.3 | Да се изработи и спроведе Систем за управување со животната средина и социјалните аспекти (СУЖСС), усогласен со начелата на ИСО 14001:2015 и БУ на ЕБОР.<br>Тековно да се прегледува и ажурира, најмалку еднаш годишно, и со секоја проектна и/или законска измена.<br>СУЖСС мора да биде сообразен со БУ на ЕБОР, Оцената за влијанието врз животната и социјалната средина (ОВЖСС), Адендумот кон ОВЖСС и СУЖСС, и конкретно мора да ги содржи сите потпланови на Градежниот план за управување со животната и социјалната средина (ГПУЖСС) наведени во СУЖСС (Дел 5, ставка С2). | Оптимизирање на управувањето со животната средина и социјалните аспекти преку формализиран документ и со него поврзан систем. | • БУ1 на ЕБОР; и<br>• Најдобри практики. | • ЈПДП / ЕСП<br>• Надворешни консултанти (по потреба) | Во текот на спроведувањето на проектот.<br>Пред градежната фаза да се донесат алатки и извештаи за набљудување. | • СУЖСС е изработен и се спроведува. | |
| 1.4 | Да се спроведе ПУЖСС за Проектот; За ова е потребно ЈПДП да води сметка Изведувачот да ги подготви сите потпланови наведени во | Да се минимизира ЕИС влијанието на проектните активности и да се | • БУ1 на ЕБОР; и | • ЈПДП / ЕСП;<br>• Изведувач(и). | ГПУЖСС пред градежната фаза. | Подготвени се ПУЖСС и потплановите и се спроведуваат. | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПУЖСС, во согласност со националното законодавство и БУ на ЕБОР за сите фази на Проектот.<br>ЈПДП да се погрижи тендерите и договорите за работа да му налагаат на Изведувачот да подготви и спроведе ГПУЖСС за Проектот, а во согласност со националното законодавство, СУЖСС, ПУЖСС и БУ на ЕБОР.<br>Надзорниот инженер / Техничкиот советник на заемодавачите да го прегледаат и одобрат ГПУЖСС и сите потпланови пред да се започне со работите и да ја потврдат нивната сообразност со националното законодавство, СУЖСС, ПУЖСС и БУ на ЕБОР.<br>Надзорниот инженер месечно ќе го прегледува спроведувањето на ГПУЖСС. Надзорниот инженер ќе ги утврди несообразностите, а пак Изведувачот(ите) благовремено ќе ги разреши.<br>ЈПДП да изработи и спроведе Оперативен план за управување со животната средина и социјалните аспекти, со неговите потпланови, како што се наведени во ПУЖСС. | поттикнува постојано подобрување. | • Најдобри практики. | Да се прегледаат од страна на:<br>• Надзорниот инженер<br>• Техничкиот советник на заемодавачите | ОПУЖСС пред оперативната фаза. | Одобрување од страна на Техничкиот советник на заемодавачите на ПУЖСС и потплановите и на сообразноста со со националното законодавство, СУЖСС, ПУЖСС и БУ на ЕБОР.<br>Евиденцијата за осигурување на квалитет на Надзорниот инженер, и месечните извештаи за набљудување на успешноста во согласност со ГПУЖСС и евиденцијата на несообразностите, вклучувајќи го и извештајот на Изведувач за мерките што ги презел за нивно разрешување. | |
| 1.5 | Да се изработи и спроведе Процедура за управување со промените во проектното решение (ПУППР) заради финализирање на проектниот дизајн и секоја негова промена, согласно ПУЖСС (Дел 5: C1). Каде што важи, ПУППР треба да вклучува и методологија за оцена и утврдување на сите дополнително потребни мерки за ублажување за ЕиС влијанија. Да се спроведат консултации за финализирање на проектниот дизајн, и за сите промени во дизајнот кои имаат потенцијал да резултираат со влијание врз локалните заедници. | Управување со ЕиС влијанијата на Проектот. | • БУ1 на ЕБОР | • Изведувачи; и<br>• Надзорниот инженер. | Пред и за време на градежната фаза. | • Изработена е ПУППР.<br>• Процесот, критериумите и правата на одобрување во однос на воведување на каква бил промена во ПУППР се договараат со Техничкиот советник на заемодавачите. | |
| 1.6 | Да се изработи и спроведе програма за набљудување и известување, како што е наведено во ПУЖСС.<br>Видете ПУЖСС – Набљудување (Дел 7) | Управување со еколошките ризици и набљудување на еколошката успешност. | • БУ1 на ЕБОР; и<br>• БУ3 на ЕБОР. | • ЈПДП / ЕСП; и<br>• Изведувачите (со надворешни консултанти);<br>• Надзорниот инженер. | За цело време (предградежна, градежна и оперативна фаза). | • Програмата за набљудување е изработена пред да започне градежната фаза.<br>• Сите набљудувања се евидентираат, и сите активности кои произлегуваат од резултатите на набљудувањето веднаш му се соопштуваат на Надзорниот инженер / ЈПДП. Овие активности и поправните мерки се прикажуваат во КИЖСС. | |
| 1.7 | Доколку бидат потребни дополнителни позајмишта за Проектот, Изведувачот ќе изработи Елаборати за заштита на животната средина за тие дополнителни позајмишта, за ЈПДП да може да ги достави на одобрување во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) / Министерството за економија. Влијанијата ќе се оценуваат и ублажуваат во согласност со националното законодавство и БУ на ЕБОР. ЕБОР ќе биде известен за потребата од дополнителните позајмишта, а од техничкиот советник на заемодавачите ќе се побара да ги прегледа Елаборати за заштита на животната средина пред нивното поднесување. | Да се ублажат потенцијалните еколошки и социјални влијанија на позајмиштата. | • Национално то законодавство (Законот за минералните суровини)<br>• БУ1 на ЕБОР; и<br>• БУ3 на ЕБОР. | • Изведувач; и<br>• ЈПДП / ЕСП;<br>Да се прегледаат од страна на:<br>• Техничкиот советник на заемодавачите<br>Да се одобрат од страна на:<br>• МЖСПП и/или;<br>• Министерство за економија. | Во текот на градежната фаза. | • Одобрување на Елаборати за заштита на животната средина од страна на МЖСПП / Министерството за економија.<br>• Рехабилитација на позајмиштата откако ќе се заврши нивната употреба (вегетацијата да се врати во претходна состојба). | |
| 1.8 | Доколку за Проектот бидат потребни некои нови места за складирање на отпад / одлагалишта (за површинскиот почвен слој/ископана земја и други инертни материјали), Изведувачот ќе изработи Елаборати за заштита на животната средина кои ЕСП ќе ги достави до | Да се ублажат еколошките и социјалните влијанија на создадениот отпад / | • Национално законодавство | • Изведувач;<br>• Надзорен инженер; и | Во текот на градежната фаза. | • Одобрување на Елаборати за заштита на животната средина од МЖСПП и/или Општина Кичево. | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | МЖСПП/Општина Кичево. Изведувачот мора да обезбеди дека подизведувачите користат познати депонии или одлагалишта на отпад и легитимни претпријатија кои се сертифицирани од регулаторните органи и работат согласно прифатливи стандарди.<br><br>Постапките со отпадот ќе бидат усогласени со националното законодавство, регулативите на ЕУ и БУ на ЕБОР. | фрлените материјали во одлагалиштата. | • БУ1 на ЕБОР; и<br>• БУ3 на ЕБОР. | • ЈПДП / ЕСП;<br>Да се прегледа од страна на: Техничкиот советник на заемодавачите<br>Да се одобри од страна на:<br>• МЖСПП; и/или<br>• Општина Кичево | | | |
| 1.9 | ЈПДП ќе побара од проектантскиот тим да го намали обемот на отфрлените материјали и создадениот отпад во рамките на Проектот, преку изработка на ефикасно проектно решение.<br>• Проектирање во насока на оптимизирање на ресурсите: упростување на изгледот и формата, користење на стандардни величини, балансирање на отсекување и пополнување, и поставување на нето внесувањето како проектна цел и препознавање на приликите за минимизирање на внесувањето и изнесувањето на материјалните ресурси.<br>• Проектирање за изградба надвор од локацијата: Да се максимизира употребата на полуфабрикати и компоненти, и да се поттикне процес на монтирање, наместо градење.<br>• Проектирање во насока на рекуперација и реупотреба: идентификување, обезбедување и употребување на материјални ресурси по нивна највисока вредност, без оглед дали веќе постојат на локацијата, или се донесуваат од други програми.<br>• Проектирање во насока на иднината: Да се размисли како може да се дизајнираат материјалите за да може полесно да се приспособат на употребниот век на објектот, и како може да се максимизира можноста за деконструкција и демонтажа на елементите на крајот од првиот употребен век.<br>• Управување со конфигурациите и распоредот во инженерските планови за да се осигура постигнување на најефективната употреба на материјалите и отпадоците.<br>• Благовремено да се разговара со изведувачите за да се идентификуваат можни мерки за подобрување и ублажување и да се идентификуваат прилики за намалување на отпадот преку соработка и регионални синергии.<br><br>Да се идентификуваат места за акумулирање и складирање на отпадот за да се минимизира деградација на квалитетот и филтратите, како и да се минимизираат оштетувањата и загубите. | Намалена потреба од материјали и намалени количества создаден отпад | • БУ1 на ЕБОР; и<br>• БУ3 на ЕБОР. | • Проектантите што ќе го изработуваат деталниот проект; и<br>• ЈПДП / ЕСП | Детален дизајн на Проектот | • Намалена употреба на материјалите и намалено создавање на отпадот во текот на градежната фаза.<br>• Намалувањето да се прикаже во КИЖСС | |
| 1.10 | ЈПДП / ЕСП да се погрижат сите проектантски мерки за ублажување наведени во ОВЖСС, Адендумот кон ОВЖСС и ПУЖСС да се проектираат во конечното решение на Проектот, каде што е потребно, и да се внесат во Предмерот. Во мерките спаѓаат:<br>• Барања во однос на просторното уредување / вегетацијата / матичните растенија<br>• Висината на насипите треба да биде ублажена со матични растенија | Да се поведе сметка проектното решение да ги содржи проектантските мерки од ОВЖСС и Адендумот кон ОВЖСС. | • БУ1 на ЕБОР; и<br>• БУ3 на ЕБОР. | • ЈПДП / ЕСП;<br>• Изведувач;<br>• Надзорен инженер<br>Да се одобри од страна на: | Пред (деталниот проектен дизајн) и за време на градежната фаза. | • Сите мерки за ублажување од проектното решение да се вклучат во Предмерот и Основен проект.<br>• Да се прикаже во КИЖСС | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Нагибот на насипите не треба да биде поголем од 1:3 за да се овозможи пристап заради садење и одржување<br>• Премини за дивите животни<br>• Системи за одводнување и замки за масла<br>• Замки и базени за седименти<br>• Мерки за стабилизирање на косината и избегнување на ерозијата (План за стаблизирање на косината)<br>• Дополнително рафинирано моделирање на бучавата при финалниот проектен дизајн<br>• Проектирање и изведба на ниско-бучни патни површини помеѓу стационажа 1+750 и 2+500. Површината мора да постигне намалување на бучавата од најмалку 2,5dB<br>• Оценка за ризикот по фундаментот и оценка на ризикот по вкопаните столбови за сите структури со столбови на проектната траса. Мора да се наведат мерките за заштита на подземните водни ресурси како дел од фазата на проектирање и изведба<br>• Оценка за ризик од поплави како информација во деталниот проектен дизајн. Оценката за ризик од поплави мора да ги земе предвид регионалните трендови на теченијата, условите со подземните води и геоморфолошките процеси и сите фактори што може да го зголемат ризикот од полава и<br>• Мерки за климатска отпорност (види 3.2 за детали) | | | Техничкиот советник на заемодавачите | | | |
| 1.11 | Да се подготви Рамковен план за управување со биодиверзитетот, како што е наведено во ПУЖСС, а во согласност со БУ6 на ЕБОР. РПУБ треба да ги вклучи сите обврски поврзани со биодиверзитетот, мерките за ублажување и набљудување што се потребни за да се постигнат целите за рехабилитација, компензација и дополнителна конзервација. РПУБ мора да ја сумира содржината на ПУБ (вклучувајќи ги Планот за расчистување на шумите и Планот за санација на земјиштето) и да ги дефинира акциите што треба да се спроведат како дел од подготовката на финалниот ПУБ. РПУБ мора да постави концепт на мерки за компензација што треба да се имплементираат и презентира логистика за постапките за имплементација (вклучувајќи локации, аранжмани за пристап до земјиштето, долгорочно управување/грижа за земјиштето, итн. за да се покаже доказ за концепт за компензацијата. Овој РПУБ мора да покаже достапност на адекватни ресурси за мерките за компензација и мора да воспостави техничка изводливост за истите, како и да презентира детален работен план за подготовка на ПУБ со динамика.<br>. | Бидејќи Проектот влијае врз КЖ/ПОБ мерките за компензација се потребни за да се осигура дека нема да дојде до нето загуба на одредени чувствителни особености на биодиверзитет и за да се избегнат влијанија врз критичниот биодиверзитет. | • БУ6 на ЕБОР. | • ЈПДП / ЕСП; и<br>• Експерт за Биодиверзитет | Пред да се назначи Изведувачот(ите).<br>ПУБ мора да го одобри ЕБОР пред да се исплати заемот. | РПУБ | |
| 1.12 | Да се подготви План за управување со биодиверзитетот (вклучувајќи План за расчистување на шумите и План за санација на земјиштето), како што е наведено во ПУЖСС, а во согласност со БУ6 на ЕБОР. Овој РПУБ треба да ги вклучи сите обврски поврзани со биодиверзитетот, мерките за ублажување и набљудување што се потребни за да се постигнат целите за рехабилитација, компензација и дополнителна конзервација. ПУБ мора да биде предмет на ревизија и интегриран во СУЖСС/ПУВЖСС. ПУБ мора да ги дефинира активностите што ќе се имплементираат, кои исходи се пожелни се секоја од акциите, да се утврдат надлежните страни за секоја акција, да се претставаат акциите за набљудување и проверка, а и за секоја акција да се претстави детален распоред. Во ПУБ, исто така, мора да се прикаже и сето сметководство со кое се пресметани компензациите и да се покаже како ова сметководство ќе се набљудува со текот на времето. Во планот мора да се вклучи и приспособлив приод на управување којшто ќе се примени за да се обезбеди исполнување на целите и справување со | Да се внесе во Предметор и да се вклучи во тендерската документација за Изведувачот.<br><br>Бидејќи Проектот влијае врз критичните живеалишта / приоритетните особености на биодиверзитетот, мерките за компензација се потребни за да се осигура дека нема да дојде до нето загуба на | • БУ6 на ЕБОР. | • ЈПДП / ЕСП; и<br>• Експерт за Биодиверзитет | Пред да се назначи Изведувачот(ите).<br>ПУБ мора да го одобри ЕБОР пред да се исплати заемот. | • Деталната замена на живеалиштата, и проектантските мерки за ублажување (на пр., премини за дивите животни) да се вклучат во предмерот и основен проект.<br>• Потврда од независно стручно лице дека целите за немање нето загуба / нето добивка се постигнати и дека е разумно да се очекува дека истите ќе бидат одржливи. | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | непредвидените околности, а при тоа да се промовира постигнувањето на севкупните резултати. ПУБ мора да се изработи како нацрт, којшто ЕБОР ќе го разгледа и одобри.<br>ПУБ мора да се ажурира периодични (во интервал од две години), а и ажурирањата треба да ги одобри ЕБОР пред да се прифатат како промени во првобитниот документ. | одредени чувствителни особености на биодиверзитет и за да се избегнат влијанија врз критичниот биодиверзитет. | | | | | |
| **БУ2** | **Работна сила и работни услови** | | | | | | |
| 2.1 | Види БУ4 – Бр. 4.1 во однос на безбедноста кога се работи непосредно до и врз постојната железничка пруга. | | | | | | |
| 2.2 | ЈПДП да ги ажурира своите севкупни Политики за човечки ресурси (ЧР) / Стандарди за работна сила, по потреба.<br><br>Процедури за ЧР, како дел од СУЖСС (1.3), за да се исполнат барањата од БУ2 НА ЕБОР. | Да се обезбеди соодветно управување со работата сила, вклучувајќи ги и изведувачите, и нивните подизведувачи, во согласност со БУ на ЕБОР, како и во согласност со важечките македонски закони.<br>Да се обезбеди канал за прием на работничките поплаки, како и доследен механизам за нивно решавање. | • БУ2 на ЕБОР; и<br>• Закон за труд на Северна Македонија. | • ЈПДП / ЕСП;<br>• Надзорен инженер; и<br>• Изведувачите. | Пред градежната фаза. | • Да се изработат и спроведат Севкупна политика за човечки ресурси (ЧР) / Стандарди за работна сила и процедури за ЧР (вклучувајќи и Механизам за поплаки), Политика за еднакви можности, Политики за спречување на малтретирање и родово заснована насилство.<br>• Овие процедури и политики му се даваат на изведувачот во фазата на доставување понуди.<br>• Релевантните политики и процедури за ЧР коишто се однесуваат на активностите на изведувачот да се споделат со изведувачот како дел од тендерската документација. На пр., барањата од севкупната политика за ЧР, процедурите за управување со поплаки, , еднакви можности и политиките и процедурите за спречување на малтретирање, кодексот на однесување и др. | |
| 2.3 | Барањата за управување со животната средина, здравјето и безбедноста, социјалните и трудовите стандарди / политиките за човечки ресурси во согласност со БУ на ЕБОР мора соодветно да се вградат во тендерите и договорите за работа за проектните компоненти.<br>ЈПДП да се погрижи да се изработат клаузули во договорите што ќе вклучуваат и барања за животната средина, здравјето и безбедностс, успешноста на трудот и човечките ресурси, и рутинско известување за спроведувањето на овие барања, и истите да се вклучат и во тендерската документација и договорите за Изведувачот. | Управувањето со ЕИС на Изведувачот. | • БУ1 на ЕБОР;<br>• БУ2 на ЕБОР;<br>• БУ4 НА ЕБОР; и<br>• Најдобри практики. | • ЈПДП / ЕСП;<br>• Надзорен инженер; и<br>• Изведувачите. | Пред објавување на тендерите и назначување на изведувачите. | - ЈПДП / Надзорниот инженер да спроведува квартални контроли на спроведувањето од страна на Изведувачот на сите релевантни договорни клаузули, за да се достави до Техничкиот советник на заемодавачите.<br>- Рутински извештаи на Изведувачот за животната средина, здравјето и безбедноста, и работната сила (ЖСЗБТ). | |
| **БУ3** | **Ефикасност на ресурсите и спречување и контрола на загадувањето** | | | | | | |
| 3.1 | Да се изработат и спроведат сите програми за набљудување и известување што се бараат со ПУЖСС, како и потплановите во согласност со БУ на ЕБОР. | Управување со еколошките ризици и набљудување на еколошката успешност. | • БУ1 на ЕБОР:<br>• БУ3 на ЕБОР; и | • ЈПДП / ЕСП<br>• Изведувачите (со надворешни консултанти)<br>• Надзорниот инженер да ги | Програма за набљудување пред да започне со градежната фаза. | Изработка на програма за набљудување.<br><br>Евиденција и податоци од набљудувањето. | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Барања за дозволи. | прегледа сите планови за да се потврди нивната сообразност со националните закони и БУ на ЕБОР. | Набљудување во текот на градежната и оперативната фаза, по потреба. | Да се прикаже во КИЖСС | |
| 3.2 | Мерките за отпорност кон климатските промени да се земат предвид во проектното решение;<br>Да се земат предвид проекциите на идните врнежи од дожд кога се специфицира длабочината на темелите:<br>• Материјалите за коловозната конструкција и проектирање на одводнувањето.<br>• Вегетација за косиние. Да се води сметка да се изберат локални видови отпорни на суша.<br>• Материјали за коловозната конструкција. Да се води сметка топлинската толеранција на специфицираните материјали да биде над проектираните просечни температури.<br>• Да се специфицира длабочината на темелите.<br>• Да се специфицираат материјалите за изградба на тунелите.<br>Да се земат предвид проекциите на идните просечни и екстремни температури кога:<br>• се проектираат склоповите за ширење,<br>• се проектираат темелите,<br>• се специфицираат системите за разладување и проветрување.<br>Да се земат предвид проекциите на идните брзини на ветрот кога:<br>• се пресметува ветерното оптоварување,<br>• се проектираат ветерните бариери, доколку се потрбени. | Да се поведе сметка во основен проект да се земат предвид и климатските промени. | • БУ3 на ЕБОР; и<br>• ЈПДП – Техничка помош за изработка на отпорноста на климатските промени. | • ЕСП / проектантскиот тим за основен проект; и<br>• Надзорниот инженер да ги прегледа сите планови за да се потврди нивната сообразност со националните закони и БУ на ЕБОР. | Набљудување во текот на проектантската, градежната и оперативната фаза, по потреба. | Без дефекти во инфраструктурата како резултат на климатските промени (ерозија, свлечишта, поплавување на системите за одводнување и др.).<br>Да се изработи програма за набљудување.<br>Евиденцијата и податоците од набљудувањето да се прикажат во КИЖСС | |
| **БУ4** | **Здравје и безбедност на заедницата** | | | | | | |
| 4.1 | ЕСП ќе се погрижи приодот кон привремениот железнички премин да стане составен дел од тендерската документација за Изведувачот.<br>Изведувачот ќе назначи специјалист за безбедност којшто ќе се консултира со локалната заедница и операторот на железницата за да се договорат околу приодот кон привремениот железнички премин кај Долно Строгомиште. Ова исто така ќе важи и за привремените премини на други локации, доколку истото е потребно. Ќе се изработи Изјава за методот којашто ќе ја одобри независен консултант за безбедност.<br>Специјалистот за безбедност исто така ќе советува кои мерки да се преземат за работењето да биде безбедно непосредно до и над постојната железничка пруга. | Безбедносни прашања поврзани со преминот преку постојната железничка линија за локалното население во текот на градежните работи.<br>Безбедносни прашања поврзани со градежните работници, кои работат на, над и непосредно до постојната железничка линија. | • БУ2 на ЕБОР;<br>• БУ4 НА ЕБОР; и<br>• Директива на ЕУ за управување со безбедноста на патната инфраструктура (2008/96/ЕЗ). | • ЈПДП / ЕСП;<br>• Независни консултанти за безбедност; и<br>• Изведувачот<br>• Надзорен инженер<br>Да се одобри од страна на:<br>• Независни консултанти за безбедност<br>• Техничкиот советник на заемодавачите; и<br>• Оператор на железницата. | Пред и за време на градежната фаза | - Изјавата за методот за изградба на привремен железнички премин одобрена од страна на консултантот за безбедност, операторот на железницата и техничкиот советник на заемодавачите.<br>- Нема незгоди поврзани со железничката линија.<br>- Да се прикаже во КИЖСС | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2 | ЈПДП да спроведе Контрола за безбедност на патот (КБП) во согласност со Директивата 2008/906/ЕЗ на ЕУ (и релевантните аспекти од македонските закони и стандарди), за да се утврди дали сите препораки се вклучени во проектното решение, и дали истите се спроведуваат и вградуваат во текот на изградбата на патот.<br>Инспекција за безбедност на патот (ИБП) ќе се спроведе на самиот пат откако ќе стане оперативен, а доколку е соодветно, ќе се изработат акциски планови за економични поправни мерки за безбедност на патот. | Да се минимизираат несреќите и инцидентите со корисниците на патот и да се зачува пристапот за локалната заедница. | • БУ2 на ЕБОР;<br>• БУ4 НА ЕБОР; и<br>• Директива на ЕУ за управување со безбедноста на патната инфраструктура (2008/96/ЕЗ). | • ЈПДП / ЕСП;<br>• Проектантитеи<br>• Независните консултанти. | За време на проектирањето, согласно барањата на Директивата на ЕУ 2008/96/ЕЗ.<br>Пред да го разгледа Одборот на ЕБОР. | - Документираната Контрола за безбедност на патот се прикажува во ГИЖСС.<br>- Во ажурираниот детален проект и тендерската документација се вклучени сите релевантни препораки. | |
| 4.3 | ЈПДП ќе изработи и спроведе програма за инспекција и одржување на патот, насипите (вклуч. ги премините над локалните патишта и железнички пруги), вијадуктите, мостовите, тунелот и на сите други безбедносни особености за време на оперативната фаза, согласно ОПУЖСС. ЈПДП ќе поведе сметка да бидат достапен доволен стручен и компетентен персонал којшто ќе ја планира, спроведува, надгледува и толкува резултатите од оваа програма за инспекција и одржување. | Подобрена успешност во поглед на здравјето и безбедноста на заедницата. | • БУ4 на ЕБОР; и<br>• Најдобрите практики. | ЈПДП, вклучувајќи го и нивното одделение за одржување (заедно со надворешниот консултант). | Пред и за време на оперативната фаза. | - Изработена програма.<br>- Назначен компетентен персонал.<br>- Евиденцијата за инспекциите и одржувањето се води и се прикажува во ГИЖСС. | |
| 4.4 | ЈПДП ќе го провери персоналот за обезбедување на изведувачот за да се увери дека располагаат со соодветни лиценци (согласно Законот за приватна безбедност од 1999 г., со измените од 2007 г. 116/12), искуства и обука. | Да се спречат судир помеѓу персоналот за обезбедување и локалната заедница.<br>Да се спречат потенцијални повреди на човековите права од страна на персоналот за обезбедување. | • БУ4 на ЕБОР; и<br>• Најдобрите практики. | • ЈПДП / ЕСП; и<br>• Изведувачите. | Пред и за време на градежната фаза. | - Проверките се спроведуваат и документираат.<br>- Да се внесат барања во тендерската документација и договорите за работа за Изведувачот дека само персонал за обезбедување којшто е лиценциран во согласност со националното законодавство може да се ангажира во Проектот.<br>- Да се прикажат во ГИЖСС сите инциденти во коишто ќе е вклучен персоналот за обезбедување. | |
| **БУ5** | **Откуп на земјиштето, недоброволно преселување и економско раселување** | | | | | | |
| 5.1 | ЈПДП да изработи и спроведе План за откупот на земјиштето (ПОЗ), којшто ќе биде доследен со Рамката за откуп на земјиштето (РОЗ) и БУ5 на ЕБОР.<br>Попис на локалната заедница / лицата засегнати од проектот. | Да се минимизира влијанието од откупот на земјиштето и да се осигура давањето на соодветно обесштетување за загуба на приход и земјиште. | • Национално законодавство за експропријација на земјиштето<br>• БУ5 на ЕБОР. | • ЈПДП (со клучна улога на лицата надлежни за односи со населението); и<br>• Изведувачите. | Пред градежната фаза. | - Достапноста на ПОЗ доследен со РОЗ.<br>- Евиденција на спроведувањето на ПОЗ согласно РОЗ на Проектот.<br>- Евиденцијата на спроведувањето прикажана во ГИЖСС. | |
| 5.2 | ЈПДП да обезбеди независна контрола на откупот на земјиштето и обесштетувањето, следејќи го спроведувањето на ПОЗ. | Да се провери дали процесот на откупот на земјиштето е во согласност со барањат од БУ5 НА ЕБОР. | БУ5 на ЕБОР. | Надворешни консултанти во името на ЈПДП. | По градежната фаза. | - Резиме на резултатите од контролата на откупот на земјиштето прикажани во ГИЖСС. | |
| **БУ6** | **Биодиверзитет и шриродните ресурси** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.1 | ЈПДП да изработи ПУБ (вклуч. План за расчистување на шумите и План за санација на земјиштето), како што е наведено во ПУЖСС.<br>ЈПДП да го прегледа основен проект за да провери дали се придржува до ПУБ (Планот за санација на земјиштето) и другите мерки за биодиверзитетот од ПУЖСС.<br>ЈПДП да поведе сметка проектантите да изнајдат такви решенија во основен проект што ќе ја намалат загубата на живеалиштата. | Да се минимизираат потенцијалните еколошки влијанија. | БУ6 НА ЕБОР. | ЈПДП<br>Проектантите што ќе го изработуваат основен проект и<br>ЈПДП / Ревизорско тело да го прегледа и одобри проектното решение. | Пред градежната фаза. | Евиденцијата за заштитните мерки за биодиверзитет од основен проект да се прикаже во ГИЖСС што се доставува до ЕБОР. | |
| 6.2 | Како што е наведено во ПУЖСС, ПУБ (Планот за санација на земјиштето) што ќе го изготви ЈПДП ќе содржи пресметка на барањата за компензација на живеалиштата (површини и видови) врз основа на конечниот дизајн на Проектот. Тие ќе станат составен дел на предмерот и тендерската документација за Изведувачот.<br>Врз основа на постојниот проект и финалната траса. Потребни се следниве површини на компензациски живеалишта:<br>• 17,31 ха на шума од италијански и турски даб.<br>• 4,92 ха од крајречните појаси и шуми со црна евла.<br>• 0,92 ха од крајречните појаси со врба.<br>• 0,85 ха ливади.<br>Доколку биде потребен некое дополнително живеалиште за Проектот, површината на компензациски живеалиште ќе треба одново да се пресмета користејќи ги истите заменски сразмери од ОВЖСС и Адендумот кон ОВЖСС, имено, најмалку истоветно заменување на загубите од живеалиштата со приоритетни особености на биодиверзитетот и нето добивка за критичните живеалишта (сразмер 2:1). | Да се поведе сметка Изведувачот да ја спроведе замената на живеалиштата. | БУ5 на ЕБОР;<br>БУ6 НА ЕБОР. | ЈПДП / ЕСП | ПУБ подготвен пред назначување на Изведувачот(ите).<br>ПУБ имплементиран при подготвителната, градежната и оперативната фаза на Проектот. | Евиденцијата за ПОЗ во основен проект да се прикаже во ГИЖСС што се доставува до ЕБОР. | |
| **БУ8** | **Културно наследство** | | | | | | |
| 8.1 | Спроведување на План за управување со културното наследство (ПУКН), согласно барањата од ПУЖСС. Ова вклучува и развој на процедура за случајни наоѓалишта. | Минимизирање на нарушувања на гробниците и споменициите, со исклучок на гробиштата во Долно Строгомиште (избегнати со ревидираната траса).<br>Минимални потенцијални загуби од делумно оштетување на неоткриени закопани наследства. | • БУ8 на ЕБОР; и<br>• Законите за културно наследство на Република Северна Македонија. | • ЈПДП / ЕСП;<br>• Надзорен инженер; и<br>• Социјален специјалист во името на ЈПДП. | Пред и за време на градежната фаза. | - Спроведување на мерки за ублажување наведени во ПУЖСС. | |
| **БУ10** | **Објавување на информации и вклучување на чинителите** | | | | | | |
| 10.1 | ЈПДП ќе го спроведе и ажурира Планот за вклучување на чинителите (ПВЧ) за времетраењето на Проектот и ќе го зајакне својот постоечки механизам за поплаки (МП).<br>ПВЧ вклучува мерки за да се обезбеди посебен и тековен процес на ангажман со локалното ромско население (во близина на Певци) | Дисеминација на информации и постојана комуникација со засегнатите засегнати страни, подобрување на свеста на чинителите и | • БУ1 на ЕБОР;<br>• БУ4 НА ЕБОР; БУ5 НА ЕБОР и БУ10 НА ЕБОР | • ЈПДП (со клучната улога на лицата надлежни за односи со населението); и<br>• Изведувачите. | Пред градежната фаза и во текот на животниот век на Проектот. | - ОВЖСС и/или Адендумот кон ОВЖСС се ажурираат како одговор на коментарите добиени во текот на периодот на објавување.<br>- ЈПДП ќе ги прикаже во ГИЖСС своите консултации и активности за вклучување на чинителите, | Проектот беше иницијално обелоденет на 11 декември 2020 год. Овој период се однесува на првичната траса. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЈПДП ќе подготви и презентира ревидирана динамика на планираните консултации и активности за вклучување на чинителите до ЕБОР и ќе даде детали за ажурираниот ПВЧ.<br>ЈПДП ќе изврши јавно објавување на Адендумот кон ОВЖС и следниве ажурирани документи: ПОЗ,, ПВЧ, ОВЖСС и НТР за ОВЖСС.<br>Овие документи ќе бидат достапни на следниве јазици:<br>- Ажуриран ПО – македонски, англиски и албански јазик<br>- Ажуриран НТР – македонски, англиски и албански јазик<br>- Ажуриран ПВЧ – македонски, англиски и албански јазик<br>- Ажуриран ОВЖСС – македонски, англиски и албански јазик<br>- Ажуриран ПУЖСС – македонски и англиски јазик<br>- Адендум кон ОВЖСС – македонски и англиски јазик. | сообразноста со БУ на ЕБОР. | | | | како и бројот на добиените поплаки, оние што се затворени и што допрва треба да се затворат. | Трасата на Проектот беше ревидирана како одговор на повратните информации од обелоденувањето.<br>Подготвен е Адендум кон ОВЖСС и останатата документација е соодветно ажурирана како резултат на новата траса. ЈПДП ќе ги обелодени Адендумот кон ОВЖСС и ажурираните документи. |

PUBLIC